

# РОБЕРТ МИХАЈЛОВСКИ

ГРАФИКИ

МАЛА САЛА НА МУЗЕЈ БИТОЛА

Да се пишува ликовна критика денес, е се поризична авантура, се понеизвесна и по нејасна состојба на толкување, затоа што, во односот на „цивилизациското напредување“,брзината и отуѓеноста, зборовите од своевидни совршени инструменти, се претворија во ограничено клише, оптоварени со однапред „програмирани“ значења, значења кои симулираат реалност или фактографија на постоење но се повеќе се оддалечени од исконското значење а поблиску до една општа манипулација, или тоталитарност на обезличување, испразнетост...
Можеби, во некои сегменти на ликовниот израз и творештво, за чудо,зачувано е некое архаично значење на вистинското доживување на светот , постоењето, носталгичната замисленост.Тоа не се толку видливи или естрадно експлоатирани траги, линиски распространети како своевидна хиеромантија на судбината, веќе неважна за светот, но сепак?
Роберт Михајловски, се уште, во своето графичко творештво, ги следи безбројните бекства на Гоген, кои на почетокот од дваесеттиот век, можеби беа последните предупредувања за апокалиптиката на една уморена цивилизација.Неговите дрворези не се техника или израз туку се своевидни исохипси на еден немир кој што доаѓа како треперења, бранувања, архетипски понирања најблиски до еден екстремен пример за наводен апстрактниот експресионизам во структурата или поточно во тензијата кај малкуте индивидуи исправени пред огромната толпа на финото, клишеизирано,секојдневие на кичот и потрошувачко давење во апсолутизмот на материјалното.
“Уметничко дело не е првенствено она што го претставува, туку тоа што го претвора” .Дрворезите кај Михајловски, не се оптоварени со „прецизноста“ или опседнатоста на херметичката реалност, најчесто, неуспешна и со краток живот, тие се движат низ линиските мердијани на пресоздавањето или метаморфозата на бегството, обидувајќи се значењето да го замени со потполно доживување и барање смисла во градацијата на лавираните и заборавени емотивни, чувствени или вонвременски предчувствени патувања низ изгубеното и заборавено време на некогашниот Човек - Homo Poeticus.
Изложбата, реализирана во малата сала на битолскиот музеј,е своевидна авторска антологија во која авторот успеа да го сублимира искуство на колективниот простор ,архивирајќи ги во своевиден монумент на индивидуалниот емотивен и мисловен човечки музеј на траењето и надежта.музеј за вечната утопија на уметникviот идеализам во кој местото на политиката, бесмртните, неповторливите, е заменето со безбројните можности на заборавеното живеење, палуба од која се гледа местотото на бескрајните изгреви, кои се повторуваат низ времето, само за да докажат дека ни еден не е ист и дека се само огледало на лицата човечки што биле или што ќе бидат.Утопија за светлината на човекот и за неговата експресивна, судбинска и единствена индивидуална неповторливост.Оваа негова самостојна изложба, всушност е своевиден краток есеј за заборавеното единство на човекот со севкупната нежност на небото, кое сеуште грижливо ги чува и последните траги на хуманоста и смисолот на постоењето.

д-р Фанче Јошевска, Владо Ѓорески

Роберт Михајловски, роден е во Битола, каде што има завршено основно и средно образование. Студирал историја на уметноста со археологија на универзитетот Св. Кирил и Методи во Скопје.За време на студирањето работел на конзервација и реставрација на фрески низ цркви и манастири во Македонија.Студиски патувања низ Азија, Африка, Европа и Северна Америка.

Работел во Ну Завод и музеј Битола.

Студирал графика во Њу Јорк и во Мелбурн.Во Мелбурн магистрира и докторирал на ликовни уметности .

Активен е како графичар, сликар и теоретичар.

Излагал во Европа, Азија и Австралија на самостојни и групни изложби.

Публикува стручни трудови од византолошки студии, османски и медиевалистика.Трудовите се објавувани во повеќе светски списанија.

Добитник е на бројни награди и признанија.

Роберт Михајловки robertmanastir@yahoo.com

## КАТАЛОГ

1.Mount Oberon, дрворез,44,5 X 51 см.

2.East of Norttote, дрворез во боја, 39 X 43 см.

3.Baugarra dance,дрворез,20 X 16 см.

4.Шаман, дрворез,28 X 23 см.

5.Yugoslav drama, дрворез,40 X 34 см.

6.Musicians, дрворез, 50 X 41 см.

7.Revelation, дрворез, 40 X 33 см.

8.On the beach, дрворез, 20 X 48 см.

9.Kata Thuta, дрворез, 45 X 60 см.

10.Semiotics of the bay, дрворез, 44 X 50 см.

11.Storma, дрворез, 21 X 42 см.

12.Arabesque, дрворез, 44 X 50 см.























САМОСТОЈНА ИЗЛОЖБА НА ГАРИКИ
РОБЕРТ МИХАЈЛОВСКИ
АВГУСТ, 2016, НУ ЗАВОД И МУЗЕЈ БИТОЛА
МЕЃУНАРОДНО ГРАФИЧКО ТРИЕНАЛЕ БИТОЛА
ИЗДАВАЧ: РОБЕРТ МИХАЈЛОВСКИ
КОМПЈУТЕРСКА ОБРАБОТКА: ТОДОР ЃОРЕСКИ
ТЕКСТ: Д-Р ФАНЧЕ ЈОШЕВСКА, ВЛАДО ЃОРЕСКИ